Врз основа на член 63, став 1, алинеја 7 од Законот за високото образование, („Сл. весник на РМ“, бр. 38/05), Наставно-научниот совет при Технички факултет – Битола, на седницата одржана на 24.12.2013 год. донесе

# О Д Л У К А

## за избор на наставник

1. Доц. д-р Соња Манчевска се избира во звањето вонреден професор од областите: Математика, Математичка статистика и операциони истражувања и Теорија на веројатноста.

2. Исплатата за звањето вонреден професор ќе се врши почнувајќи од 01.10.2014 год.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 27.10.2014 година.

## О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс во весниците „Време“ и „Коха“ од 05.10.2013 г. за избор на наставник од областите: Математика, Математичка статистика и операциони истражувања и Теорија на веројатноста, се пријави кандидатот доц. д-р Соња Манчевска.

Рецензентската комисија формирана од Наставно-научниот совет поднесе писмен реферат, објавен во билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола бр. 381 од 02.12.2013 г., со предлог, доц. д-р Соња Манчевска да ја избере во звањето вонреден професор од областите: Математика, Математичка статистика и операциони истражувања и Теорија на веројатноста.

На рефератот не е/се поднесен/и приговор/и.

Наставно-научниот совет при Технички факултет – Битола ценејќи ги сите околности околу изборот одлучи како во изреката.

Доставено до: наставникот, архивата, досието.

Бр.02- 1190/6
24.12.2013
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Д е к а н
Ред. проф. д-р Весна Ангелевска